Бр./Nr 12-1804/4
19.11.2021 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение од 55-тата седница одржано на 17.11.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по пријавата заведена под број 12-5589/1 од 11.12.2019 година **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК оцени дека предметот нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување.

Предметот со број од 12-5589 од 2019 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-5589/1 од 11.12.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од ///. Во пријавата се изнесени наводи кои се однесуваат на сомнежи за злоупотреби и несовесно работење во службата од страна на поголем број лица – вработени во ///, како и за хонорарно, со договор за дело, ангажирани лица од страна на ///. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени.

По разгледување на наводите во поднесената пријава, ДКСК се обрати со Барање за доставување податоци и информации до ///, од каде е добиен одговор во кој е наведено дека /// меѓу кои и /// имаат статус на здруженија на граѓани, не располагаат со буџетски средства, а за приходите и расходите одговараат пред членството кое делегира претставници во телата и органите на ///. Оттаму произлезе дека предметот нема елементи за понатамошно надлежно постапување на ДКСК, постапката по пријавата на подносителот да се запре и предметот да се затвори и архивира.

Поради горе наведеното ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:

- Архивата на ДКСК
- Подносителот

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Одобрил: м-р Ш. С.